АРХИКОНС Јован ДООел Кавадарци

Ул. Вишешница бр.21, 1430 Кавадарци, тел. 043-400-402
Jristovski2000@yahoo.com

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО, ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА А1.5- СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР, НА КП 2196- ДЕЛ, КП 2199/1- ДЕЛ, КО КРИВОЛАК, СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО КРИВОЛАК, ОПШТИНА НЕГОТИНО (ОДЛУКА БР. 08-390/8 ОД 04.12.2015 ГОДИНА)

ОПШТИНА НЕГОТИНО

МАЈ, 2026
ТЕХ. БР. – 10-10/2024

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО, ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА А1.5- СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР, НА КП 2196- ДЕЛ, КП 2199/1- ДЕЛ, КО КРИВОЛАК, СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО КРИВОЛАК, ОПШТИНА НЕГОТИНО (ОДЛУКА БР. 08-390/8 ОД 04.12.2015 ГОДИНА)

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 10-10/2024

НАРАЧАТЕЛ: РАМИЗА АЛИТИ

ИЗРАБОТУВАЧ: **“**АРХИКОНС” Кавадарци
Бр.на лиценца 0126
ул.Вишешница, бр.21, Кавадарци
/ тел.075 435 346; 075 324 287
e-mail : jristovski2000@yahoo.com

ПЛАНЕРИ: Левче Спасовска, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0349

Јован Ристовски, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0350

Соработник

Цветанка Сапунџиева, дипл.инж.арх.

ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА : МАЈ , 2026 година

С О Д Р Ж И Н А :

1. НАСЛОВНА СТРАНА

2. СОДРЖИНА

3. ИЗВОД ОД РЕГИСТРАЦИЈАТА НА ФИРМАТА

4. ЛИЦЕНЦА НА ФИРМАТА И ОВЛАСТУВАЊА НА ПЛАНЕРИТЕ

А - текстуален дел –

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

2.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

5. МЕРКИ ЗА

- Заштита на животна средина
- Заштита и спасување
- Обезбедување на пристапност за лица со инвалидитет
- Заштита на природно и културно наследство

Б - нумерички дел -

1. Нумерички показатели

В - графички дел -

1. Извод од Општ акт за село Криволак

2. Соседен извод од АУП за формирање на ГП1.1 на КП 2194-дел, КО Криволак, намена А1 – станбени куќи, КО Криволак, општина Неготино

3. Ажурирана геодетска подлога

4. Збирен графички приказ

5. Инвентаризација и снимање на изградениот градежен фонд и вкупната физичка супраструктура и комунална инфраструктура

6. Урбанистичко решение на градежните парцели

Број: 0809-50/150020260090152

Датум и време: 6.3.2026 г. 09:38

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 06.03.2026 во 09:38
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5708249
Назив:	Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци
Седиште:	ВИШЕШНИЦА бр.21 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Не е регистрирана општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.110 - Архитектонски дејности
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/42D62E78BD83B72121CA536913701C50F50FEFA80F7085C9EB44A8A0E4BDF00B

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

Број: 0805-50/150020260090142

Датум и време: 6.3.2026 г. 09:35

Дигитално потпишан од: CRRSM
Централен Регистар на Република Северна Македонија
Датум и час на потпишување: 06.03.2026 во 09:35
Издавач на сертификатот: KIBSTrust Issuing Qseal CA G2
Сертификатот е валиден до: 05.11.2026
Документот е дигитално потпишан и е правно валиден

/Електронски издаден документ/

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	5708249
Целосен назив:	Друштво за трговија на мало и проектирање АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци
Кратко име:	АРХИКОНС
Седиште:	ВИШЕШНИЦА бр.21 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
Вид на субјект на упис:	ДООЕЛ
Датум на основање:	1.10.2002 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4011002122436
Големина на субјектот:	микро
Организационен облик:	05.4 - друштво со ограничена одговорност основано од едно лице
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	152.400,00
Уплатен дел MKD:	152.400,00
Вкупно основна главнина MKD:	152.400,00

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/37FDF04FD02887399723E9DFE353BCAFA22724D92CDC1E0C622C1201AD1B2288

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ЈОВАН РИСТОВСКИ
Адреса:	ВИШЕШНИЦА бр.21 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	152.400,00
Уплатен дел MKD:	152.400,00
Вкупен влог MKD:	152.400,00
Вид на одговорност:	Не одговара

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.110 - Архитектонски дејности
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	Регистрирани дејности во надворешно-трговскиот промет

ОВЛАСТУВАЊА	
Овластени лица	
Име и презиме:	ЈОВАН РИСТОВСКИ
Адреса:	ВИШЕШНИЦА бр.21 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
Овластувања:	Управител без ограничување во внатрешниот и надворешниот трговски промет
Овластено лице:	Овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	arhikons@gmail.com

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Верификација
Информации за верификација на автентичноста на овој документ се достапни со користење на QR кодот, односно на следниот линк:
https://www.crm.com.mk/ds/validateDocument/37FDF04FD02887399723E9DFE353BCAFA22724D92CDC1E0C622C1201AD1B2288

Овој документ е официјално потпишан со електронски печат и електронски временски жиг. Автентичноста на печатените копии од овој документ може да биде електронски верификувана.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за урбанистичко планирање, Министерството за транспорт издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за трговија на мало и проектирање
АРХИКОНС Јован ДООЕЛ Кавадарци
ВИШЕШНИЦА бр.21 КАВАДАРЦИ, КАВАДАРЦИ
ЕМБС:5708249

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број:0126
17.02.2025 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ

Александар Николоски

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 73/24, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25, 127/25), Директорот на фирмата АРХИКОНС Јован дооел – Кавадарци, го донесе следното:

РЕШЕНИЕ

***За одговорни Планери на*:**

Урбанистички проект за разработување на Урбанистички проект за село, за формирање на градежна парцела со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година), со техн.бр. 10– 10/2024, од 05/2026, се одредуваат:

1.Спасовска Левче, дипл.инж.арх.
2.Ристовски Јован, дипл.инж.арх.

Соработник

Цветанка Сапунџиева, дипл.инж.арх.

Одредените стручни лица ги исполнуваат условите пропишани во поглед на стручната подготвеност и пракса, да може самостојно да изработуваат и потпишуваат на ваков вид планови.

Мај , 2024 година АРХИКОНС Јован дооел -Кавадарци

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ЛЕВЧЕ СПАСОВСКА

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0349**

Издадено на: 12.02.2021 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ЈОВАН РИСТОВСКИ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0350**

Издадено на: 14.09.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

1. Предлог проектна програма

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА СЕЛО, ЗА ФОРМИРАЊЕ НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА СО НАМЕНА А1.5- СТАНБЕНИ КУЌИ ВО СОСТАВ НА СЕЛСКИ СТОПАНСКИ ДВОР, НА КП 2196- ДЕЛ, КП 2199/1- ДЕЛ, КО КРИВОЛАК, СОГЛАСНО ОПШТ АКТ ЗА СЕЛО КРИВОЛАК, ОПШТИНА НЕГОТИНО (ОДЛУКА БР. 08-390/8 ОД 04.12.2015 ГОДИНА)

1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

- ВОВЕД

Предмет на изработка на оваа Предлог проектна програма е Урбанистички проект за село, за формирање на градежна парцела со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година).

За планскиот опфат на Урбанистички проект за село, за формирање на градежна парцела со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година) има изработено Општ акт за село Криволак и истиот ќе биде основ за изработка на Урбанистичкиот проект.

- ЦЕЛИ

Цел на Урбанистички проект за село, за формирање на градежна парцела со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година), е оформување на градежна парцела од делови од три катастарски парцели - КП 2196, КП 2199/1, КО Криволак, со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, согласно Општиот акт за село Криволак со сите потребни параметри за нејзина реализација и усогласување на планот со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр 11/18, 42/20), како и Правилникот за урбанистичко планирање, (Службен весник на РСМ бр 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26)

Граници на проектниот опфат се:

- на север – КП 2196, КО Криволак

- на исток – станбена улица планирана со АУП за формирање на ГП1.1 на КП 2194-дел, КО Криволак, намена А1 – станбени куќи, КО Криволак, општина Неготино
- на југ – КП 2199/1, КП 2197/2, КО Криволак
- на запад – КП 2199/1, – КП 2196, КО Криволак
- површина на планскиот опфат изнесува 0,0294 ха

2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА ЗА ГП 1 оформена од КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак

- Во склоп на ГП 1 од КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, со површина од 0.294 ха се планираат следните градби:

- Станбена куќа

Точната поставеност на градбата и димензиите на габаритете ќе се дефинираат во Урбанистичкиот проект

Урбанистичкиот проект ги има следните цели:

- рационално користење на земјиштето
- максимално вклопување на инфраструктурата и објектите со теренот
- оформување урбанистичка и архитектонска целини
- почитување и надградување на пејсажните вредности
- оформување културен пејсаж
- почитување и валоризација на културното и градителско наследство
- вклопување или реконструкција на постоечки градби и инфраструктура
- подигнување хуманоста во просторот и непречено движење на
- хендикепираните лица
- вградување заштитни мерки
- почитување на законските прописи, стандарди и нормативи во планирањето
- предвидување мерки за заштита и спасување
- да ги утврди параметрите за конкретната градежна парцела,

НАМЕНА

Група на класи на намена:

А – Домување

класа на намена

– А1 – Домување во куќи,

Поединечна намена:

А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор

3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРА

Анализата на можностите за просторен развој го издвојува следното:

- Поврзаност на предметниот простор со системот на примарната сообраќајна мрежа;
- Можности за поврзување на инфраструктурните водови за снабдување со електроенергија и телекомуникации,
- Можности за поврзување на системот за водоснабдување,
- Можности за изнесување на отпадните води од локалитетот,
- Чиста животна средина,
- Добри микроклиматски услови.

Исто така во планирањето посебно треба да се има предвид и следното:

- приоритети и потреби,
- корелативни условености,
- проточност на сообраќајот,
- економска исплатливост.

За планирање на просторната организација потребни се критериуми кои планот ќе го дефинира како развоен документ кој ќе го валоризира и заштити соседското право и јавниот интерес.

Во дефинирање на планскиот концепт важни се следните критериуми:

- Дефинирање на сообраќајна мрежа,
- Задоволување на современите норми за градење и работа во рамките на важечките норми за урбанистичко планирање
- Условување на сообраќајна инфраструктура за безбеден пристап до секој објект
- Условување на пешачкото движење во функција на инвалидизирани лица, без бариери
- Условување на потребите за паркирање да се решат во сопствените парцели
- Задоволување на потребите од енергија преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа
- Задоволување на потребите од водоснабдување преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа

- Адекватно и рационално прифаќање на отпадните води (фекални и атмосферски одделно) преку адекватна и рационална инфраструктурна мрежа

Анализата покажува дека на овој локалитет е можна реализација на планираните класи на намена со целосно почитување и имплементирање на соодветни критериуми, што значи дека е можен просторен развој на локалитетот.

- МЕТОДОЛОГИЈА

Основа за изработка на планот ќе биде Општиот акт за село Криволак.

Планот ќе се изработи врз основа на методологијата, која произлегува од одредбите утврдени со Законот за урбанистичко планирање (Службен весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Законот за урбано зеленило (Службен весник на Република Македонија бр 11/18, 42/20), како и Правилникот за урбанистичко планирање, (Службен весник на РСМ бр 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26) и следните точки:

- Да се почитува Општиот акт за село Криволак
- Да се планира сообраќајна инфраструктура во согласност со законската регулатива и безбедноста во сообраќајот и да се предвиди паркирање во сопствени парцели
- Да се планира комунална инфраструктура во согласност со законската регулатива и сите водови да се водат подземно во јасно дефинирани инфраструктурни коридори

Урбанистички проект за село, за формирање на градежна парцела со намена А1.5-станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година) треба да се изработи во една фаза.

согласен

2.ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

ВОВЕД

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на донесени урбанистички планови и служи за нивна разработка и спроведување, согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26).

Согласно Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ, бр. 32/20, 111/23, 171/24, 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25) и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26), а во зависност од видот и намената на градежното земјиште и градбите што се предмет на разработка, приложениот урбанистички проект претставува урбанистички проект за село.

Предмет на овој урбанистички проект е формираната градежна парцела 1 од делови од две катастарски парцели - КП 2196, КП 2199/1, КО Криволак, согласно согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година).
Основа за изработка на урбанистичкиот проект е следната документација:

- Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога изработен од Гео топо кат, подружница Неготино (дел.бр. 0801-149/3 од 13.08.2024)
- Извод од Општ акт
- Соседен извод од АУП за формирање на ГП1.1 на КП 2194-дел, КО Криволак, намена А1 – станбени куќи, КО Криволак, општина Неготино
- Проектна програма потпишана од инвеститор
- Идејно решение дел од Урбанистичкиот проект

Со урбанистичкиот проект детално се дефинираат сите урбанистички и комунални параметри за изработка на основен проект за планираните градби, во согласност со одредбите од Изводот од планска документација, важечката законска регулатива, како и насоките од Проектната програма.

МЕСТОПОЛОЖБА И ГРАНИЦА НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат е границата на формираната градежна парцела 1 која е составена од делови од две катастарски парцели - КП 2196, КП 2199/1, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година), со намена А1 – домување во станбени куќи.
Проектниот опфат е лоциран во крајниот североисточен дел од село Криволак, на надморска височина од околу 136 м, на терен кој е релативно рамен, со пристапна улица превземена од соседен Извод од АУП за формирање на ГП1.1 на КП 2194-дел, КО Криволак, намена А1 – станбени куќи, КО Криволак, општина Неготино на источната страна.

Граници на проектниот опфат се:

- на север – КП 2196, КО Криволак
- на исток – станбена улица планирана со АУП за формирање на ГП1.1 на КП 2194-дел, КО Криволак, намена А1 – станбени куќи, КО Криволак, општина Неготино
- на југ – КП 2199/1, КП 2197/2, КО Криволак
- на запад – КП 2199/1, – КП 2196, КО Криволак
- површина на планскиот опфат изнесува 0,0294 ха

Границата на проектен опфат претставува затворена линија со прекршни точки кои ги имаат следните координати по x и y:

Список на координати за снимените на детални точки

број	Y	X	H	
1	7594329.10	4598898.84	136.47	AO
2	7594328.15	4598898.21	136.49	A
3	7594326.01	4598895.18	136.46	A
4	7594329.60	4598890.21	136.46	A
5	7594333.65	4598892.09	136.55	A
6	7594337.38	4598876.18	136.37	A
7	7594337.34	4598875.15	136.37	A
8	7594336.84	4598874.19	136.38	A
9	7594339.34	4598870.51	136.44	A
10	7594346.13	4598875.62	136.42	A
11	7594343.99	4598878.53	136.46	A
12	7594355.24	4598883.62	136.50	A
13	7594353.26	4598886.31	136.44	A
14	7594336.17	4598874.76	136.44	O
15	7594328.38	4598885.78	136.82	OB
16	7594325.30	4598890.05	136.97	OB
17	7594325.11	4598893.85	136.56	Z
18	7594324.49	4598891.31	136.74	Z
19	7594323.45	4598897.26	136.51	Z
20	7594323.84	4598898.26	136.49	A
21	7594326.28	4598900.79	136.47	A
22	7594326.55	4598902.29	136.44	Z
23	7594321.75	4598908.97	136.73	Z
24	7594320.55	4598908.44	136.58	A
25	7594317.63	4598906.66	136.63	A
26	7594316.93	4598906.15	136.54	Z
27	7594311.14	4598913.06	136.90	Z
28	7594312.25	4598913.66	136.77	A
29	7594315.13	4598915.88	136.77	A
30	7594312.35	4598921.79	136.97	Z
31	7594310.98	4598921.01	136.82	A
32	7594308.13	4598918.97	136.83	A
33	7594301.82	4598913.76	136.99	Z
34	7594298.65	4598911.08	136.73	Z
35	7594304.01	4598922.21	137.05	ZO
36	7594305.13	4598923.03	136.88	A
37	7594307.80	4598925.16	136.87	A
38	7594309.09	4598926.43	136.83	
39	7594303.05	4598933.54	136.97	
40	7594302.05	4598932.78	136.92	A
41	7594299.09	4598930.92	136.94	A
42	7594297.92	4598929.94	136.76	
43	7594293.79	4598935.45	136.86	
44	7594294.99	4598936.35	136.97	A
45	7594297.71	4598938.49	136.92	A
46	7594298.74	4598939.38	136.77	
47	7594308.82	4598913.71	136.85	
48	7594310.80	4598911.03	136.75	
49	7594306.16	4598907.01	136.59	
50	7594303.29	4598905.43	136.45	ZO
51	7594302.02	4598907.41	136.50	ZO
52	7594308.68	4598898.33	136.50	ZO
53	7594309.92	4598899.14	136.53	ZO
54	7594311.72	4598896.99	136.48	ZO
55	7594314.40	4598893.41	136.45	ZO

Список на координати за снимените на детални точки

број	Y	X	H	
56	7594318.77	4598887.01	136.53	ZO
57	7594318.33	4598890.55	136.48	
58	7594320.17	4598894.44	136.30	
59	7594320.40	4598896.97	136.42	OBJ
60	7594321.76	4598898.02	136.52	OBJ
61	7594320.33	4598900.16	136.55	OBJ
62	7594318.86	4598898.95	136.47	OBJ
63	7594317.15	4598897.67	136.28	
64	7594313.00	4598907.11	136.79	OBJ
65	7594314.28	4598900.03	136.39	CH
66	7594311.61	4598899.47	136.62	OBJ
67	7594309.77	4598898.74	136.98	
68	7594308.51	4598897.68	138.13	
69	7594307.32	4598898.22	138.33	
70	7594311.81	4598896.51	137.15	
71	7594315.06	4598893.75	136.36	
72	7594313.81	4598896.13	136.36	
73	7594317.68	4598889.77	136.54	
74	7594304.71	4598905.61	136.61	
75	7594303.33	4598908.71	136.71	

Изготвил,

М.П.

Доне Ѓорѓиев

ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

Од истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека во проектниот опфат евидентирана е една катастерска парцела, опфатен е дел во една градежна парцела.

Како резултат на аналитичко истражувачкиот дел на проектниот опфат констатирано е следното:

- Вкупната површина на анализираниот простор – проектен опфат изнесува 0,0294 ha;
- 27 м2 е изграден со станбена куќаво добра состојба – скелетен систем на градба, односно 9 % од површината na проектниот опфат;

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Согласно увидот на терен, пристапот до проектниот опфат е преку постоечка улица од источната страна и преку неа се надоврзува на постоечката сообраќајна инфраструктура во село Криволак. Пристапната улица е неасфалтирана улица.

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Побарани се податоци и информации од ЈП Комуналец Неготино и од добиениот одговор бр.УП 1 08-66/2 од 11.09.2024, се гледа дека проектниот опфат е поврзан со водоводна и канализациона мрежа. Канализациона мрежа поминува под коридорот на пристапната улица. Водоводната мрежа поминува во непосредна близина.

ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Побарани се податоци и информации од Електродистрибуција дооел Скопје и од добиениот одговор со бр. 10-23/4-477, од 21.08.2024, се гледа дека проектниот опфат е поврзан со електрична мрежа. Исто така побарани се и податоци од Мепсо и во добиениот одговор 11-5493 од 19.08.2024 е наведено дека немаат нивна мрежа

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА И ОПРЕМА

Побарани се податоци и информации од Македонски телеком АД Скопје и во добиениот одговор со бр. 64380, од 19.08.2024, е наведено дека немаат нивна мрежа во предметниот опфат. Од добиениот одговор со бр. 1404-2628-/2 од 29.10.2024 од АЕК се гледа дека под обиколните улици има постоечка телекомуникациска мрежа и на истата треба да се поврзе проектниот опфат.

ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

Побарани се податоци и информации од Номагас Скопје и од добиениот одговор со бр. 08-4012/2, од 16.08.2024, се гледа дека проектниот опфат НЕ е поврзан со гасоводна мрежа.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот концепт на Урбанистички проект за село, за формирање на градежна парцела со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, на КП 2196- дел, КП 2199/1- дел, КО Криволак, согласно Општ акт за село Криволак, општина Неготино (одлука бр. 08-390/8 од 04.12.2015 година), е дефиниран во согласност со Проектната програма, Изводот од планска документација, идејното решение и можностите за просторен развој.
За формираната градежна парцела 1 почитувана е намената А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор. Планирана е изградба на еден нов објект со намена А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор, односно доградба на постоечкиот објект од северната и јужната страна, на површина на градежна парцела од 294м2.
Со претходната планска документација предвидена е намена А1 –домување во станбени куќи .

Планирано е 1 паркинг место, што е е во согласност со намената и површината на објектот и е според Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26), за А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор.

1.1. ПРОЕКТНИ РЕШЕНИЈА НА ГРАДБИТЕ

Со урбанистичкиот проект дефинирани се следните урбанистички параметри за предметната градежна парцела:
• граници и површини за градење (m^2);
• вкупна развиена површина за градба по нивоа (m^2);
• максимален процент на изграденост на земјиштето (%);
• максимален коефициент на искористеност на земјиштето (к);
• поединечна намена на земјиштето и градбите;
• максимална висина на венец (m');
• максимален број на катови;
• минимален процент на озеленување;
• услови за паркирање.

Сите дефинирани параметри за предвидените објекти се во согласност со одредбите од Извод од општиот акт за село Криволак и Правилникот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр. 225/20, 219/21, 104/22 , 99/23, 7/25, 143/25, 241/25, 30/26).

Проектниот концепт е во директна зависност од природните и создадени фактори, од конфигурацијата на теренот.

1.2. ВНАТРЕШЕН СООБРАЌАЈ
Пристапот до градежната парцела е преку постоечка улица на источната страна од парцелата со широчина од 6м коловоз.
Во склоп на парцелата предвиден е еден колски влез директно до просторот за паркирање во дворното место од објектот.
Согласно намената не се планира внатрешен сообраќај.

Паркирањето е предвидено да се одвива во рамки на градежната парцела и потребите кои најмногу изнесуваат 1 возило се предвидени во парцелата.

НИВЕЛМАНСКО РЕШЕНИЕ
Со нивелацискиот план е решена вертикалната поставка на влезот во парцелата. Како основа за нивелманското решение земена е нивелацијата од Извод од план и ажурираната геодетска подлога со висински коти на постојниот терен.

ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ И ОЗЕЛЕНУВАЊЕ
Просторот непосредно околу објектот е уреден како пристапно/манипулативно плато за опслужување на истиот.

За ГП 1, во согласност со Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр. 11/18, 42/20), минималниот процент на озеленетост изнесува 20% или за конкретната парцела 47% од вкупната површина на градежната парцела.

Зеленилото во рамки на градежната парцела е предвидено како парковско зеленило и е распределено согласно со организацијата и диспозицијата на објектите.

1.3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА КОМУНАЛНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Со урбанистичкиот проект се утврдуваат и планските решенија за инфраструктурата. Водењето на инфраструктурата е во инфраструктурни коридори прикажани во графичкиот дел на Урбанистичкиот проект, во прилогот УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ.

СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
Сообраќајната инфраструктура да се изведе според важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура, согласно урбанистичкото решение.

ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
Приклучувањето на планираните објекти е предвидено да се врши од планирана водоводна мрежа со профил Ø1” до водомерната шахта во рамки на градежната парцела.
Поврзувањето со водоводната мрежа се предвидува да се изведе со приклучна шахта (армиранобетонска, со прописен капак на отворот), поставена во сопствената градежна парцела. Приклучокот со примарниот вод да се изврши според важечките стандарди и нормативи за тој вид на инфраструктура и во целост според хидротехнички услови издадени од страна на надлежното комунално претпријатие.
Отпадните фекални води од парцелата е предвидено да се одведуваат до септичка јама се до изградбата на планираната улична фекална канализациона мрежа со приклучок со профил Ø150.

ЕЛЕКТРО-ЕНЕРГЕТСКА И ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

ЕЛЕКТРО - ЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА
Приклучувањето на објектите од комплексот на нисконапонска инсталација ќе биде со поврзување на постоечката електро-енергетска мрежа.

Сите приклучоци да се извршуваат откако инвеститорот ќе добие електро-енергетска согласност од надлежна институција - ЕВН Македонија.

ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Поврзувањето на електронска комуникациска мрежа, начинот на изведба и поврзување на приклучоците треба да биде извршен во согласност со развојните програми на операторите и потребите на корисниците**.**

2. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

- **Група на класи на намена:**

  А – Домување

- **класа на намена**

  – А1 – Домување во куќи,

- **Поединечна намена:**

  А1.5- станбени куќи во состав на селски стопански двор

- Пристап од станбена улица планирана со АУП за формирање на ГП1.1 на КП 2194-дел, КО Криволак, намена А1 – станбени куќи на источната страна од парцелата;
- Површина на градежна парцела – 294 м2
- Површини за градба – 82 м2
- Вкупно развиена површина за градба - 82 м2
- Процент на изграденост на земјиштето 28%
- Коефициент на искористеност на земјиштето 0.28
- Максимална дозволена висина на венец 3.19м
- Катност - Приземје;
- Паркирање во парцела
- Број на потребни паркинг места 1
- Минимален процент на озеленетост во рамки на градежната парцела – 47%.
- Проектните решенија за комуналната инфраструктура, како и нивелманското и сообраќајното решение на градежната парцела да се разработат со Основен проект според важечките стандарди и нормативи. Доколку со Основен проект се утврди посоодветно решение за комуналната инфраструктура, нивелманот и внатрешниот сообраќај, истото да се усвои и да се разработи во соодветна фаза од проектната документација.
- При изградба на нови објекти и содржини во просторот да се применуваат и почитуваат мерките за заштита.

3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

3.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со Закон за животната средина (Сл. весник на РМ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08 , 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Сл. весник на РСМ бр.171/22, 81/05, 3/25, 124/25).

Локалитетот ќе се развива согласно современите урбанистички принципи, а поради карактерот на планираната намена не се очекува нарушување на квалитетот на животната средина.

ЗАШТИТА НА ВОЗДУХОТ

За зачувување и подобрување на квалитетот на воздухот неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Покрај ова неопходно е да се оформи (каде што е можно) заштитно зеленило во простори со различен степен на чистота на работната средина, кои имаат значење од аспект на подобрување на микроклиматските влијанија.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- примена на соодветни техничко - технолошки мерки;
- обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- уредување на зелени површини во рамките на градежната парцела и создавање (доколку е можно) на поврзан систем на зеленило во и надвор од проектниот опфат.

ЗАШТИТА НА ВОДАТА

Заштитата на водите се регулира со комплекс законски прописи за заштита на проточните и подземните води – Закон за водите (Сл.Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16, Сл. весник на РСМ бр.151/21, 3/25), кои се однесуваат на следните поставки:

- заштита на проточните и подземните води со обезбедување на соодветни техничко-технолошки зафати (изградба на канализациони системи, соодветен третман на отпадните води, пречистителни станици и сл.);
- доследно почитување на прописите кои се однесуваат на големината и одржувањето на санитарно - заштитните зони;
- неутрализација на штетните отпадни материи пред испуштање во канализационата мрежа и реципиентот;
- континуирано следење на квалитетот на водите.

Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води се однесува на нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Водовите да се постават во сé согласно со техничките нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со

важечките стандарди и нормативи и квалитетно, без хаварии и долготрајно со најмали замени и интервенции да го опслужуваат секој поединечен корисник.

ЗАШТИТА НА ПОЧВАТА
Чиста и незагадена почва е исто така, еден од важните предуслови за заштита на животната средина. Во таа смисла треба да се обезбеди поголема контрола при употребата на хемиските заштитни средства, материјалите и суровините кои ќе се користат во прометот и работењето на планираните содржини во рамките на градежната парцела.

Со хортикултурното уредување се предвидуваат исклучиво насади на парковско зеленило. Со оглед на тоа што се предвидува зеленило карактеристично за поднебјето, не предизвикува негативни или неочекувани влијанија врз почвата.

ЗАШТИТА ОД БУЧАВА
Заштитата од бучава е регулирана со законски и подзаконски акти: Закон за заштита од бучава во животната средина (Сл.Весник на РМ бр.79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15, Сл. весник на РСМ бр.151/21, 3/25).

ТРЕТМАН НА ОТПАД
Законот за управување со отпадот (Сл.Весник на РМ бр.68/04, 107/07, 9/11, 51/11, 163/13, 51/15, 146/15, 156/15, 192/15, Сл. весник на РСМ бр.216/21, 3/25) го регулира неопходното и правилно решавање на проблемот со сметот, неговиот плански организиран современ третман на одложување, одвезување и уништување или депонирање, а со цел подобрување на квалитетот на условите за живот и работа односно за заштита на животната средина.
Цврстиот отпад се предвидува организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во најблиската депонија.

3.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, Сл. весник на РСМ бр.215/21, 124/25), Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерки за заштита и спасување. Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен и оперативен карактер, кои ги подготвуваат и спроведуваат Републиката (преку органите на државната управа во областите за кои се основани), единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите.
Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.
Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи, а не се предвидени со овој закон.
Урбанистичко-технички мерки се:
- Засолнување;

- Заштита и спасување од поплави;
- Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
- Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
- Заштита и спасување од урнатини;
- Заштита и спасување од техничко технолошки несреќи и
- Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:
- Евакуација;
- Згрижување на загрозеното и настраданото население;
- Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
- Прва медицинска помош;
- Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
- Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
- Асанација на теренот.

На предходно барање добиени се Предходни услови од стана на Дирекцијата за заштита и спасување ПО Неготино со бр. 09/3-38/2 од 10.05.2021, за конкретниот проектен опфат.

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

Во доменот на заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, Сл. весник на РСМ бр.215/21, 124/25), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 36/16, 152/19) и други позитивни прописи, при планирање на просторот важни се следните критериуми за заштита од пожар:

• При изработка на Основен проект треба да се почитуваат пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, Сл. весник на РСМ бр.215/21, 124/25), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 36/16, 152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област;

• Во случај на пожар, проектниот опфат, ќе го опслужуваат противпожарните единици од Општина Неготино;

• За изградба на објектите да бидат користени соодветни материјали со што ќе се елиминира една од причините кои ја зголемуваат нивната повредливост од пожар.

• За сите објекти да се предвиди громобранска инсталација во согласност со законската регулатива.

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД УРНАТИНИ

Заштитата и спасувањето од урнатини опфаќа превентивни и оперативни мерки.

Превентивни мерки за заштита од уривање се активностите кои се планираат и спроведуваат со просторното и урбанистичкото планирање и со примена на техничките нормативи при проектирање и изградба на објектите.

Оперативни мерки за спасување од урнатини се активностите за извидување на урнатините, пронаоѓање на затрупаните, осигурување на конструкцијата на оштетените и поместените делови на објектите заради спречување на дополнително уривање, преземање на мерки за заштита од

дополнителни опасности, извлекување на затрупаните, давање на прва медицинска помош и извлекување на материјалните добра.

Согласно добиените податоци планскиот опфат се наоѓа во сеизмички регион со очекувани земјотреси со јачина од 8° по МКС.

Да се предвиди асеизмична градба, како можна превенција.

Во случај на можни разурнувања, со планираните решенија на уличната мрежа потребно е да се овозможи:

- Брза и непречена евакуација
- Брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила
- Непречена интервенција во кругот на катастрофата
- Штетите да се сведат на минимум
- Брза санација на последиците

ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на вода од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

За се што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите од Законот за заштита и спасување Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, Сл. весник на РСМ бр.215/21, 124/25), Законот за пожарникарство (Сл.Весник на РМ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15, 36/16, 152/19) и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

1. Хуманитарни мерки

- **Евакуација**

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката, од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи. Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да се евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

- **Згрижување на загрозеното и настраданото население**

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. РМ и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење. Републиката и единиците на локалната самоуправа од кои се згрижува населението ги покриваат трошоците за сместување и обезбедување на основните услови за живот.

- **Радиолошка, хемиска и биолошка заштита**

Во согласност со Законот за заштита и спасување (Сл. весник на РМ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12 - пречистен текст, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16, 83/18, Сл. весник на РСМ бр.215/21, 124/25): за ефикасна заштита на населението и материјалните добра, установите задолжително да обезбедат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на марките за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив.

Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите за радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата

-дозиметриска контрола

-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје

-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

- **Прва медицинска помош**

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето - заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените и транспорт до најблиските здравствени установи.

- **Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло**

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди и други несреќи.

Превентивни мерки за заштита и спасување на животните и производите од животинско потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболени контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

- **Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло**

Заштита и спасување на растенија и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување. Превентивни мерки за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење. Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

- **Асанација на теренот**

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и починати лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и асанација на објектите за водоснабдување.

3.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО

Согласно со Изводот од план, во границите на проектниот опфат не постои заштитено добро, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство.

Доколку при реализацијата на планот се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Р.С. Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според член 65 од Законот за културно наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 71/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19, Сл.весник на РСМ бр. 3/25)

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

